Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање поволни услови за инвестиции во Индустриската зона „Жабени“ за првите 20 хектари

### Член 1

Инвеститорите кои ќе откупат градежно земјиште во Индустриската зона „Жабени“ најдоцна до 31.03.2011 година се ослободуваат од надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 100% за комплетно изграден објект, со обврска да започнат со работа, односно да го стават во функција објектот во рок од 18 месеци по склучениот договор за откуп на градежното земјиште.

### Член 2

Инвеститорите кои ќе откупат градежно земјиште во Индустриската зона „Жабени“ најдоцна до 30.06.2011 година се ослободуваат од надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 75% за комплетно изграден објект, со обврска да започнат со работа, односно да го стават во функција објектот во рок од 15 месеци по склучениот договор за откуп на градежното земјиште.

### Член 3

Инвеститорите кои ќе откупат градежно земјиште во Индустриската зона „Жабени“ најдоцна до 30.09.2011 година се ослободуваат од надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 50% за комплетно изграден објект, со обврска да започнат со работа, односно да го стават во функција објектот во рок од 12 месеци по склучениот договор за откуп на градежното земјиште.

### Член 4

Инвеститорите кои ќе откупат градежно земјиште во Индустриската зона „Жабени“ најдоцна до 31.12.2011 година се ослободуваат од надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 25% за комплетно изграден објект, со обврска да започнат со работа, односно да го стават во функција објектот во рок од 12 месеци по склучениот договор за откуп на градежното земјиште.

Член 5

Процентот на ослободување се намалува за 5% за секој месец задоцнување со отпочнување на објектот со работа, по рокот утврден во членот 1, 2, 3 и 4 на оваа Одлука.

Член 6

Утврдениот процент на ослободување од надоместокот за уредување на градежното земјиште го користат сите инвеститори, кои покрај условите наведени во горенаведените членови ќе го исполнат и условот минимум 20 вработувања.

За секој број на вработувања помал од 20, процентот се намалува за 5% за секој еден помалку вработен.

Член 7

Инеститорот го обезбедува со гаранции во согласност со позитивните законски прописи за обезбедување на плаќања исполнувањето на обврските по договорот за ослободување од надоместокот за уредување на градежното земјиште со дадените поволности согласно оваа Одлука.

Член 8

Инвеститорите кои ќе откупат градежно земјиште во Индустрисакта зона „Жабени“, а вработаат над 300 нововработени лица до крајот на 2012 г. се ослободуваат 100% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, со обврска бројот на вработените да се задржи минимум 12 месеци од отпочнувањето со работа.

Член 9

Основицата за пресметка на надоместок за пренамена од земјоделско во градежно земјиште во соодност 3:1 како пазарна вредност, изнесува 0,1 евра по м2.

Член 10

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-1934/3
30.09.2010 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
4